MACEDONIAN

HEALTH PROMOTION SERVICE FOR OLDER PEOPLE

# КАКО ДА ГО КОНТРОЛИРАТЕ ЗЕМАЊЕТО ЛЕКАРСТВА

MANAGING YOUR MEDICINES

Луѓето кои редовно земаат лекарства или кои се хронично болни не треба да заборават да одат на доктор за да се провери дали тие треба да продолжат со лекарствата пред да истече рокот на траење на рецептот.

**ШТО ТРЕБА ДА ПРАВИТЕ**

1) Замолете го докторот да ги прегледа лекарствата или побарајте совет од вашиот аптекар.
2) Зборувајте со вашиот доктор пред да истече рокот на траење на рецептот и кажете му/и ако имате било какви проблеми додека ги земате лекарствата.
3) **Не заборавајте да ги понесете сите лекарства кај докторот,** вклучувајќи ги и тие кои веќе не ги користите, за да дознаете дали и понатаму треба сите да ги земате и да се осигурате дека ги земате правилно. Не заборавајте дека ова ги вклучува лековите кои ги купувате без рецепт, на пример, таблети, капсули, течности, капки за очи и уши, спреј за нос, кремови, масти, гранули, инхалатори, вагинални лекарства, чепчиња (за во вагина/анус) и лепенки.
4) Исто така, вклучете ги дополнителни лекарства кои ги земате, на пример, витамини, протеини и препарати кои содржат (на пример) кантарион (St John's Wort), Echinacea, Гинко билоба, глукозамин, целер и мелатонин.
5) Понесете ја вашата **Картичка за евиденција на примени лекарства** за вашиот доктор да ги внесе или обнови податоците за лекарствата. За ваша сигурност, вашиот доктор или аптекар треба редовно да ги обновуваат податоците во неа.
6) Кажете му на докторот за сите други доктори и специјалисти кои ги посетувате и што тие ви препишале.
7) Однесете ги сите лекарства кои повеќе не ви требаат или на кои им поминал рокот на употреба кај аптекарот кој правилно ќе ги отстрани.



*Докторе, мислам дека имам несакани последици од лекарството што го земам*

На другата страна ќе најдете список на прашања кои треба да му ги поставите на вашиот доктор или аптекар.

CPSA

**Health Promotion Service for Older People**

C/-CPSA, Level 9, 28 Foveaux Street, Surry Hills, NSW 2010
Phone: 02 9281 3588, Country callers: 1800 451 488, Fax: 02 9211 8700
Email: health@cpsa.org.au Web: www.cpsa.org.au ABN: 11 244 559 772

Funded by: South Eastern Sydney Illawarra Area Health Service
Auspice: Combined Pensioners & Superannuants Association of NSW Inc (CPSA)
Updated: October 2007

SOUTH EASTERN SYDNEY ILLAWARRA

NSW HEALTH

MACEDONIAN

# ПРАШАЊА ЗА ЛЕКАРСТВА

QUESTIONS ABOUT MEDICINES

**НЕКОЛКУ ПРАШАЊА КОИ МОЖЕТЕ ДА МУ ГИ ПОСТАВИТЕ НА ВАШИОТ ДОКТОР ИЛИ АПТЕКАР**

- За што е ова лекарство?
- Како и кога треба да го земам?
- Какви резултати можам да очекувам ако го земам?
- Што да правам ако пропуштам една доза?
- Како да го чувам лекарството?
- Кои работи треба да избегнувам додека го земам лекарството: алкохол, возење автомобил, одредени видови храна, сончева светлина?
- Колку време треба да го земам лекарството?
- Кога треба да се провери дали треба да продолжам или да престанам да го земам лекарството?
- Дали ова лекарство и другите лекарства кои ги примам ќе влијаат едно на друго?
- Дали ова е најефтиниот вид што може да се добие?
- (Ако пиете алкохол или ако пушите) Дали ќе има меѓусебно влијание меѓу алкохолот или цигарите и лекарството?
- Дали можам да ги добијам лекарствата во пластично пакување ако имам тешкотии да отварам шише?
- Имам проблем со видот и памтењето, каква помош можам да добијам?
- Дали има други алтернативи наместо да ги земам било кои од овие лекарства?
- Ако ви се препишани нови лекарства, прашајте го докторот дали треба да продолжете да ги земате старите лекарства.

**Запамтете: се работи за вашето тело и вие имате право да знаете што земате и зошто!**

**Health Promotion Service for Older People**

C/-CPSA, Level 9, 28 Foveaux Street, Surry Hills, NSW 2010
Phone: 02 9281 3588, Country callers: 1800 451 488, Fax: 02 9211 8700
Email: health@cpsa.org.au Web: www.cpsa.org.au ABN: 11 244 559 772

Funded by: South Eastern Sydney Illawarra Area Health Service
Auspice: Combined Pensioners & Superannuants Association of NSW Inc (CPSA)
Updated: October 2007